# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
# НА ОПШТИНА РОСОМАН

**Бр.06/26 од 29.04.2026 година**

*Службениот гласник на Општина Росоман излегува по потреба* *Изготвува општинската администрација на Општина Росоман*

# СОДРЖИНА


1. Заклучок за објавување на Решението за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Росоман за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2026 година до 31.03.2026 година ........ 5
2. Решение за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Росоман за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2026 година до 31.03.2026 година ........ 6
3. Заклучок за објавување на Решението за давање на согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Пере Тошев“ – Росоман за 2027 година ........ 7
4. Решение за давање на согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Пере Тошев“ – Росоман за 2027 година ........ 8
5. Заклучок за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлука за основање на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци ........ 9
6. Одлука за изменување и дополнување на Одлука за основање на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци ........ 10
7. Заклучок за објавување на Програма за дополна на Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација во Општина Росоман за 2026та година ........ 12
8. Програма за дополна на Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација во Општина Росоман за 2026та година ........ 13
9. Заклучок за објавување на Одлуката за формирање на Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Росоман ........ 14
10. Одлука за формирање на Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Росоман ........ 15
11. Заклучок за објавување на Одлуката за примање донација – Специјално возило од Општина Кавадарци ........ 17
12. Одлука за примање донација – Специјално возило од Општина Кавадарци ........ 18
13. Заклучок за објавување на Одлуката за сопствено учество на Општина Росоман со финансирање заради обезбедување одржливост на Регионален советувалиштен центар – Женски центар Кавадарци ........ 19
14. Одлука за сопствено учество на Општина Росоман со финансирање заради обезбедување одржливост на Регионален советувалиштен центар – Женски центар Кавадарци ........ 20
15. Заклучок за објавување на Одлуката за именување на членови во управниот одбор на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман ........ 21
16. Одлука за именување на членови во управниот одбор на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман ........ 22
17. Заклучок за објавување на Заклучокот ........ 24
18. Заклучок ........ 25

**19.** Заклучок за објавување на Одлуката за распишување на Повторен Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман........ **26**
**20.** Одлука за распишување на Повторен Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман........ **27**
**21.** Заклучок за објавување на Решението за формирање на Комисија за селекција за избор на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман........ **28**
**22.** Решение за формирање на Комисија за селекција за избор на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман........ **29**
**23.** Заклучок за објавување на Програмата за одбележување на манифестацијата „ДУХОВДЕН ФЕСТ – ПРАСКОБЕР 2026“........ **31**
**24.** Програма за одбележување на манифестацијата „ДУХОВДЕН ФЕСТ – ПРАСКОБЕР 2026“........ **32**
**25.** Заклучок за објавување на Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Росоман........ **34**
**26.** Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Росоман........ **35**
**27.** Заклучок за објавување на Одлуката за одобрување на еднократна парична помош на физичко лице........ **36**
**28.** Одлука за одобрување на еднократна парична помош на физичко лице........ **37**
**29.** Заклучок за објавување на Одлуката за одобрување на еднократна парична помош на физичко лице........ **38**
**30.** Одлука за одобрување на еднократна парична помош на физичко лице........ **39**
**31.** Заклучок за објавување на Одлуката за одобрување на еднократна парична помош на физичко лице........ **40**
**32.** Одлука за одобрување на еднократна парична помош на физичко лице........ **41**
**33.** Заклучок за објавување на Одлуката за одобрување на еднократна парична помош на физичко лице........ **42**
**34.** Одлука за одобрување на еднократна парична помош на физичко лице........ **43**
**35.** Заклучок за објавување на Заклучокот по однос на точка 14.5 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Барањето со арх.бр.08-675/1 од ден 01.09.2025 година, поднесено од страна на Мирјана Милошева од Кавадарци........ **44**
**36.** Заклучок по однос на точка 14.5 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Барањето со арх.бр.08-675/1 од ден 01.09.2025 година, поднесено од страна на Мирјана Милошева од Кавадарци........ **45**
**37.** Заклучок за објавување на Заклучокот по однос на точка 14.6 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Барањето за финансиски средства со арх.бр.03-367/1 од ден 06.04.2026 година, поднесено од страна на КУД „Росоман“ – Росоман........ **46**

**38.** Заклучок по однос на точка 14.6 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Барањето за финансиски средства со арх.бр.03-367/1 од ден 06.04.2026 година, поднесено од страна на КУД „Росоман“ – Росоман**.......................................................... 47**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Росоман за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2026 година до 31.03.2026 година, донесено на 10-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 29.04.2026 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-415/1.1**
**04.05.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а во врска со член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24, 37/25 и 77/26), Советот на Општина Росоман на 10-та седница одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Росоман за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2026 година до 31.03.2026 година**

1. Со ова Решение се усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Росоман за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2026 година до 31.03.2026 година, доставен од страна на Градоначалникот со допис арх.бр.09-407/1 од ден 20.04.2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-415/1.1**
**29.04.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за давање на согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Пере Тошев“ – Росоман за 2027 година, донесено на 10-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 29.04.2026 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-415/1.2**
**04.05.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а во врска со член 20-б став 1 алинеја 3 и став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19, 14/20 и 208/24), Советот на Општина Росоман на 10-та седница одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за давање на согласност на Годишен план за вработување на ООУ „Пере Тошев“ – Росоман за 2027 година**

1. Со ова Решение се дава согласност на Годишниот план за вработување на ООУ „Пере Тошев“ – Росоман за 2027 година со арх.бр.01-74/1 од ден 04.03.2026 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-415/1.2**
**29.04.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлука за основање на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци, донесена на 10-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 29.04.2026 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-415/1.3**
**04.05.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а во врска со Одлука за измена на Одлуката за избор на модел за управување со Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство, негово идно работење и начинот на финансирање со арх.бр.02-148/7 донесена од Совет за развој на Вардарски плански регион на седница одржана на ден 24.12.2025 година, член 18 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.241/24), член 4 од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија “ бр.113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.43/26), член 9 и член 10 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на Општина Росоман на 10-та седница одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

# О Д Л У К А

**за изменување и дополнување на Одлука за основање на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР - ШЕПА Кавадарци**

**Член 1**

Во Одлуката за основање на Заедничко јавно претпријатие Регионален центар за згрижување бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци со арх.бр.08-724/1.3 од 07.11.2023 година („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.13/23), се врши следната измена и дополнување:

Се менува член 8 став 1 алинеја 2 од Одлуката, и истата гласи: „Од Буџетите на општините основачи на заедничкото претпријатие СТАЦИОНАР – ШЕПА Кавадарци на начин што секоја од општините ќе исплаќа поединечен надомест кој што се однесува на фиксни оперативни трошоци кој што ќе се врши квартално на секои 3 месеци. Средствата за секоја општина се утврдува согласно бројот на жители, односно врз основа на Одлука за измена на Одлуката за избор на модел за управување со Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство, негово идно работење и начинот на финансирање бр.02-148/7 од 24.12.2025 година, донесена од страна на Совет за развој на Вардарски плански регион со што на годишно ниво изнесуваат:

- Општина Велес – 4.846.300,00 денари;
- Општина Кавадарци – 3.573.300,00 денари;
- Општина Неготино – 1.819.400,00 денари;
- Општина Свети Николе – 1.532.000,00 денари;

- Општина Демир Капија – 377.700,00 денари;
- Општина Чашка – 794.200,00 денари;
- Општина Градско – 323.300,00 денари;
- Општина Лозово – 226.400,00 денари;
- Општина Росоман – 379.600,00 денари.“

Одлуката во останатиот дел останува непроменета.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-415/1.3**
**29.04.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Програма за дополна на Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација во Општина Росоман за 2026[та] година, донесена на 10-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 29.04.2026 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-415/1.4**
**04.05.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 20 и член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 9 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 10-та седница одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

**за дополна на Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација во Општина Росоман за 2026та година**

**Член 1**

Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација во Општина Росоман за 2026та година со арх.бр.08-92/1.10 од ден 02.02.2026 година, се дополнува во точка 2 – ПЛАНИРАЊЕ, дел – „За 2026та година планирани за изработка се следните урбанистички планови“, со самофинансирање на изработката од страна на заинтересираните физички и правни лица и по алинеја 32 се додаваат две нови алинеи 33 и 34, и тоа:

- Иницијатива за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на ГП1 со намена Б1.5 – Ресторани на КП бр.502/1 КО Крушевица, Општина Росоман арх.бр.12-584/1 од 17.07.2025 година поднесена од страна на Гоце Јовановски од Росоман;
- Иницијатива за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена Г2 – лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија и помалку загадувачки постројки за производство на енергија – производство на машини за земјоделство и шумарство на КП бр.2391 КО Росоман, Општина Росоман арх.бр.12-585/1 од 21.07.2025 година поднесена од страна на Николов Дејан од Росоман.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-415/1.4**
**29.04.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за формирање на Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Росоман, донесена на 10-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 29.04.2026 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-415/1.5**
**04.05.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 181 став 1 и став 4 од Законот за правда за децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/24 и 55/25), член 9 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 10-та седница одржана на ден 29.04.2026 година донесе

# О Д Л У К А
## за формирање на Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Росоман

### Член 1

Со оваа Одлука се формира Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Росоман (во натамошниот текст: Општински совет).

### Член 2

Општинскиот совет за превенција на детско престапништво има најмногу 9 членови.

### Член 3

За членови на Општинскиот совет согласно член 181 став 3 од Законот за правда на децата се именуаат претставници од:

- Министерството за внатрешни работи;
- Министерството за труд и социјална политика/Центар за социјална работа;
- Совет на родители од Основните училишта на подрачјето на Општина Росоман;
- Унија на средношколци;
- Адвокатската комора;
- Од здруженија на граѓани и фондации, кои работат на полето на заштитата на правата на децата;
- Јавен обвинител кој работи на областа на детско престапништво и
- Судија за деца односно судија определен од претседателот на судот.

### Член 4

Членовите на Општинскиот совет се именуваат за време од пет години, со право на повторен избор.

Од редот на членовите на Општинскиот совет се избира претседател со мандат од две години, со право на повторен избор.

**Член 5**

Советот на Општината покренува постапка за избор на членови во Советот со јавен повик за предлагање на кандидати.

**Член 6**

Општинскиот совет:

- донесува годишна програма за својата работа што ја усвојува советот на општината;
- деловник за својата работа, на подрачјето на општината;
- вршат работи за следење на состојбите;
- покренуваат иницијативи за нивното подобрување и
- Развиваат програми за вклучување на локалната заедница во превенција на малолетничкото престапништво и третманот на деца сторители на кривични дела и прекршоци.

**Член 7**

За својата работа општинскиот совет најмалку еднаш годишно го известува Советот на општината и Државниот совет за превенција на детско престапништво.

**Член 8**

Програмата на општинскиот совет за превенција на детско престапништво се финансира врз основа на финансиски план од буџетот на општината и од други средства.

**Член 9**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-415/1.5**
**29.04.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за примање донација – Специјално возило од Општина Кавадарци, донесена на 10-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 29.04.2026 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-415/1.6**
**04.05.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а во врска со член 4 - 11 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), Советот на Општина Росоман на 10-та седница одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

# О Д Л У К А

**за примање донација – Специјално возило од Општина Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Росоман прима донација и тоа материјално добро изразено како:

- Специјално возило марка: Фап, тип: 1516 БД, број на шасија: 59895, број на мотор: 85581, сила на мотор: 115 КЊ, носивост: 9400, година на производство: 1976, со регистарски број: КА-0194-АВ,

од страна на давателот на донацијата Општина Кавадарци, заради остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес од областа на комуналните дејности, согласно член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24).

**Член 2**

Вредноста на донација е утврдена на вкупен износ од 246.760,00 денари без вкалкулиран ДДВ или 4.000,00 евра.

**Член 3**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со примањето на донацијата од член 1 на оваа Одлука, Советот на Општина Росоман го овластува Градоначалникот како примател на донацијата да склучи Договор за донација со давателот на донацијата – Општина Кавадарци согласно со Законот за донации и спонзорства во јавните дејности.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-415/1.6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**29.04.2026 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Р О С О М А Н** **Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за сопствено учество на Општина Росоман со финансирање заради обезбедување одржливост на Регионален советувалиштен центар – Женски центар Кавадарци, донесена на 10-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 29.04.2026 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-415/1.7**
**04.05.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 10-та седница одржана на ден 29.04.2026 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

**за сопствено учество на Општина Росоман со финансирање заради обезбедување одржливост на Регионален советувалиштен центар – Женски центар Кавадарци**

**Член 1**

Општина Росоман како една од општините потписнички на Меморандум за соработка со Здружение за родова еднаквост Визија Кавадарци - Регионален советувалишен центар -Женски центар Кавадарци, зазема финансиско учество во износ од 115.948 денари.

**Член 2**

Износот со кој учествува Општина Росоман опишан во член 1 од оваа Одлука е утврден врз основа на бројот на жители во општината.

**Член 3**

Финансиските средства за учество на Општина Росоман од член 1 од оваа Одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Росоман за 2026 година.

**Член 4**

Целта на Советувалиштен центар е да се подобри пристапот до специјализирани сервиси за жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство на локално/регионално ниво.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-415/1.7**
**29.04.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за именување на членови во управниот одбор на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман, донесена на 10-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 29.04.2026 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-415/1.8**
**04.05.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а во врска со член 17-г став 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), член 7 став 2 од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите, донесен од Министерство за економија и труд („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024) и доставената Ранг -листа од страна на Комисијата за селекција со арх.бр.02-355/9 од 20.04.2026 година, Советот на Општина Росоман на 10-та седница одржана на ден 29.04.2026 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за именување на членови во управниот одбор на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман

### Член 1

Со оваа Одлука за членови на управниот одбор на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман се именуваат:

1. Небојша Маринковиќ;
2. Игор Темелков;
3. Марјанчо Пенчев;
4. Александра Николова Димовска и
5. Тони Танчев.

### Член 2

Мандатот на членовите на управниот одбор на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман трае четири години, почнувајќи од ден 21.05.2026 година.

### Член 3

Одлуката да се достави до именуваните, ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман и архива на Општина Росоман.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се применува по завршување на мандатот на членовите на управниот одбор на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман од претходниот состав заклучно до ден 20.05.2026 година, и истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-415/1.8**
**29.04.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Заклучокот, донесен на 10-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 29.04.2026 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-415/1.9**
**04.05.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), одлучувајќи по Заклучокот бр.02-361/5 од 15.04.2026 година доставен од Комисијата за селекција, Советот на Општина Росоман на 10-та седница одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

**1.** Да се објави Повторен Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман.

**2.** Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-415/1.9**
**29.04.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за распишување на Повторен Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман, донесена на 10-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 29.04.2026 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-415/1.10**
**04.05.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а во врска со член 17-а став 2, член 26 и член 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите, донесен од Министерство за економија и труд („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024), по предлог на Градоначалникот на Општина Росоман, Советот на Општина Росоман на 10-та седница одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

# О Д Л У К А

**за распишување на Повторен Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман**

**Член 1**

Советот на Општина Росоман распишува Повторен Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман.

**Член 2**

Јавниот повик содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети, а на јавниот повик може да се пријават сите заинтересирани кандидати кои ќе поднесат пријава и комплетна документација со која се потврдува дека ги исполнуваат условите од јавниот повик согласно законските прописи.

Јавниот повик е даден во прилог на оваа Одлука.

**Член 3**

Постапката за селекција на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман, ја спроведува Комисијата за селекција формирана од Советот на Општина Росоман.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-415/1.10**
**29.04.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за формирање на Комисија за селекција за избор на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман, донесено на 10-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 29.04.2026 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-415/1.11**
**04.05.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Росоман, член 104, член 106 и член 107 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а во врска со член 17-а став 4 и член 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), по предлог на Градоначалникот на Општина Росоман, Советот на Општина Росоман на 10-та седница одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за формирање на Комисија за селекција за избор на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман

1. Со ова Решение Советот на Општина Росоман формира Комисија за селекција за избор на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман.

2. За претседател, заменик претседател и членови и нивни заменици во Комисијата за селекција се именуваат:
   - Митко Пешов - претседател, вработен во Општина Росоман;
   - Гоце Величковски - заменик претседател, вработен во Општина Росоман;
   - Анастасија Петровска - член, вработена во Општина Росоман;
   - Ристе Ристевски - заменик член, вработен во Општина Росоман;
   - Александра Спасова - член, вработена во ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман и
   - Горан Филипов - заменик член, вработен во ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман.

3. Комисијата за селекција е должна да ја спроведе постапката за избор на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман по објавениот Повторен Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈПКД „РОСОМАН“ – Росоман, согласно Законот за јавните претпријатија и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите, донесен од Министерство за економија и труд.

**4.** Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-415/1.11**
**29.04.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Програмата за одбележување на манифестацијата „ДУХОВДЕН ФЕСТ – ПРАСКОБЕР 2026“, донесена на 10-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 29.04.2026 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-415/1.12**
**04.05.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06) и Програмата на општина Росоман за 2026$^{та}$ година од областа на културата и културните манифестации (одбележување на празници и манифестации) бр.08–931/1.9 од 25.12.2025 година донесена од Советот на Општина Росоман, Советот на Општина Росоман на 10-та седница одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за одбележување на манифестацијата „ДУХОВДЕН ФЕСТ – ПРАСКОБЕР 2026“

1. Општина Росоман и оваа година традиционално го прославува празникот Духовден со организирање на манифестацијата „ДУХОВДЕН ФЕСТ – ПРАСКОБЕР 2026“ во насока на зачувување и промовирање на културното наследство, духовните вредности и земјоделската традиција на Општина Росоман.

2. Советот на Општина Росоман во целост ја прифаќа доставената Предлог - Програма, а манифестацијата „ДУХОВДЕН ФЕСТ – ПРАСКОБЕР 2026“ ќе се одржи во деновите:

   29.05.2026 година - Прв ден (петок)
   30.05.2026 година - Втор ден (сабота)
   31.05.2026 година - Трет ден (недела)

<u>СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА:</u>

- Традиционалната манифестација „ДУХОВДЕН ФЕСТ – ПРАСКОБЕР 2026“ ќе вклучи богата програма со спортски настани, културно – уметнички настапи, настапи на ѕвезди од македонската и српската музичка сцена.
- Традиционалната манифестација „ДУХОВДЕН ФЕСТ – ПРАСКОБЕР 2026“ ќе се одржи на локацијата – улица Пролетерска во Росоман.

### I. <u>На ден 29.05.2026 година – Прв ден (петок)</u>

- Пречек на гости од збратимените општини.
- Забавна програма.

### II. <u>На ден 30.05.2026 година - Втор ден (сабота)</u>

- Ревијален турнир во мал фудбал со учество на екипи од збратимените општини и екипи од месните заедници.
- Свечено отворање на манифестацијата збогатена со културно - уметничка програма.

- Обраќање на Градоначалникот и Претседателот на Совет на Општина Росоман.
- Забавна програма.

**III. <u>На ден 31.05.2026 година - Трет ден (недела)</u>**

- Панаѓур (во организација на ЈПКД „Росоман“ од Росоман).

- За поуспешна реализација на Програмата, планирано е изготвување на посебни покани и рекламен материјал, а сето тоа ќе биде објавено на локалните медиуми.

- Со цел за што поквалитетно обезбедување на манифестацијата да се обезбеди квалитетно озвучување, а во поглед на промовирање на настанот да се постават паноа и да бидат поканети претставници од локалните медиуми.

- Средствата за покривање на трошоците за манифестацијата „ДУХОВДЕН ФЕСТ – ПРАСКОБЕР 2026“ (трошоци за озвучување, осветлување, бина, трошоци за хотелско сместување на гости, трошоци за репрезентации, трошоци за настап на музички ѕвезди, трошоци за рекламни паноа, трошоци за подароци за гости (рекламен материјал), трошоци за интервентни служби, трошоци за физичко обезбедување на настан и трошоци за сервисирање на тоалетни кабини (ТК)) делумно ќе бидат обезбедени од спонзорства, а останатиот дел ќе падне на товар на Буџетот на Општина Росоман за 2026 година, согласно донесената Програма за таа намена од страна на Советот на Општина Росоман во висина од 700.000,00 денари.

- Со оваа Програма се утврдува и обврската за делегирање на надлежноста истата да биде спроведена од страна на Градоначалникот на начин и постапка со објава на Јавен повик/ Конкурс за делегирање надлежност за организирање и реализирање на настан (манифестација): прослава на празникот на Општина Росоман „ДУХОВДЕН 2026“.

- По одбележување на манифестацијата и реализација на Програмата до Советот на Општина Росоман да се достави и Извештај за потрошените финансиски средства.

- Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-415/1.12**
**29.04.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Росоман, донесена на 10-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 29.04.2026 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-415/1.13**
**04.05.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), член 9 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман" бр.7/06), а во врска со член 23 став 3 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20 и 16/25), Советот на Општина Росоман на одржаната 10-та седница на ден 29.04.2026 година, донесе

# О Д Л У К А

**за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Росоман**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши продолжување на работното време на угостителските објекти кои работат на подрачјето на општина Росоман за време од два часа од регистрираното работно време на угостителскиот објект.

**Член 2**

Продолжувањето на работното време од два часа важи од 29.05.2026 година до 31.05.2026 година, по повод одржувањето на манифестацијата „ДУХОВДЕН ФЕСТ – ПРАСКОБЕР 2026".

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Росоман".

**Бр.08-415/1.13**
**29.04.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за одобрување на еднократна парична помош на физичко лице, донесена на 10-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 29.04.2026 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-415/1.14,1**
**04.05.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а согласно Програмата за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за потребите на граѓаните на општина Росоман за 2026та година, Советот на Општина Росоман на 10-та седница одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

# О Д Л У К А
## за одобрување на еднократна парична помош на физичко лице

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства во висина од 8.000,00 денари како еднократна парична помош за лекување на Станоевиќ Лилјана од Росоман, а по однос на поднесено Барање со арх.бр.09-348/1 од ден 01.04.2026 година.

**Член 2**

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, Решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Росоман.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-415/1.14,1**
**29.04.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за одобрување на еднократна парична помош на физичко лице, донесена на 10-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 29.04.2026 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-415/1.14,2**
**04.05.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а согласно Програмата за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за потребите на граѓаните на општина Росоман за 2026$^{та}$ година, Советот на Општина Росоман на 10-та седница одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

# О Д Л У К А
## за одобрување на еднократна парична помош на физичко лице

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства во висина од 8.000,00 денари како еднократна парична помош за лекување на Аризанов Борис од Росоман, а по однос на поднесено Барање со арх.бр.03-237/1 од ден 10.03.2026 година.

**Член 2**

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, Решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Росоман.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-415/1.14,2**
**29.04.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за одобрување на еднократна парична помош на физичко лице, донесена на 10-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 29.04.2026 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-415/1.14,3**
**04.05.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а согласно Програмата за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за потребите на граѓаните на општина Росоман за 2026[та] година, Советот на Општина Росоман на 10-та седница одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

# О Д Л У К А

**за одобрување на еднократна парична помош на физичко лице**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства во висина од 10.000,00 денари како еднократна парична помош за лекување (оперативен зафат) на Маџункова Теодора од Росоман, а по однос на поднесено Барање со арх.бр.03-350/1 од ден 01.04.2026 година.

**Член 2**

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, Решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Росоман.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-415/1.14,3**
**29.04.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за одобрување на еднократна парична помош на физичко лице, донесена на 10-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 29.04.2026 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-415/1.14,4**
**04.05.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Росоман и член 144 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а согласно Програмата за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за потребите на граѓаните на општина Росоман за 2026$^{та}$ година, Советот на Општина Росоман на 10-та седница одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

# О Д Л У К А

## за одобрување на еднократна парична помош на физичко лице

### Член 1

Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства во висина од 15.000,00 денари како еднократна парична помош за лекување на Ристевски Ристе од село Манастирец, општина Росоман, а по однос на поднесено Барање со арх.бр.03-358/1 од ден 03.04.2026 година.

### Член 2

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, Решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Росоман.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-415/1.14,4**
**29.04.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Заклучокот по однос на точка 14.5 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Барањето со арх.бр.08-675/1 од ден 01.09.2025 година, поднесено од страна на Мирјана Милошева од Кавадарци, донесен на 10-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 29.04.2026 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-415/1.14,5**
**04.05.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 од Статутот на Општина Росоман и член 144 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 10-та седница одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

**1.** По однос на точка 14.5 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Барањето со арх.бр.08-675/1 од ден 01.09.2025 година, поднесено од страна на Мирјана Милошева од Кавадарци, Советот на Општина Росоман расправајќи по однос на истото, одлучи:

– Земајќи го во предвид фактот дека во Буџетот на Општина Росоман за 2026 година нема предвидено финансиски средства за намената за која е поднесено барањето, истото да биде одбиено.

**2.** Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-415/1.14,5**
**29.04.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Заклучокот по однос на точка 14.6 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Барањето за финансиски средства со арх.бр.03-367/1 од ден 06.04.2026 година, поднесено од страна на КУД „Росоман“ – Росоман, донесен на 10-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 29.04.2026 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-415/1.14,6**
**04.05.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 од Статутот на Општина Росоман и член 144 од Деловникот на Советот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 10-та седница одржана на ден 29.04.2026 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

**1.** По однос на точка 14.6 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Барањето за финансиски средства со арх.бр.03-367/1 од ден 06.04.2026 година, поднесено од страна на КУД „Росоман“ – Росоман, по одржана седница, Советот одлучи:

– Советот на Општина Росоман не го усвои Барањето за финансиски средства, односно не донесе Одлука за одобрување на финансиски средства на КУД „Росоман“ - Росоман, поради немање на потребно мнозинство.

**2.** Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-415/1.14,6**
**29.04.2026 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**